


Бискупот скопски и апостолски егзарх во Македонија Киро Стојанов на велигденската воскресна литургија што се одржа синоќа во Католичката црква „Пресвето Срце Исусово“ во Скопје ја прочита велигденската порака.

- Драги браќа и сестри - врв на црковната година е прославата на Воскресното таинство на нашиот Господ Исус Христос. За нас верниците секој празник, а особено Велигденските празници не се само сеќавање, туку секогаш и повторно настани на спасението. Она што во знаци го славиме, она на што се сеќаваме, тоа по неизмерната Божја милост во нас и со нас се случува, ако во тоа таинство влегуваме со силата на верата и понесени со милоста на Божјиот Дух.

